09-2284/16
06-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 41 - седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапувањето по предметот заведен под број 09-2284/1 од 24.06.2026 година, против лицето ----------, директор на Општинско основно училиште „----------“- Виница, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди повреда на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК за прекршок согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 107 став (1) алинеја 2 од истиот закон и за прекшок по член 82 став 3 казнив по член 109 став (1) алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спроведе постапки за порамнување со издавање на прекршочни платни налози.

По успешно спроведените постапки за порамнување, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување.

Одлуката на ДКСК и документацијата од предметот да се достават до Основното јавно обвинителство Кочани.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 09-2284/1 од 24.06.2026 година е оформен врз основа на барање од Основното јавно обвинителство Кочани.

Во барањето се наведува дека до Основното јавно обвинителство Кочани е поднесена кривична пријава во која се наведува дека службеното лице ---------- како директор на Општинско основно училиште „----------“ – Виница свесно ги повредила

законските прописи за судир на интереси од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси така што на ден 27.01.2025 година склучила договор за вработување со свое блиско лице (ќерка) ----------.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија прибираше податоци и документација од страна на релевантни институции.

По разгледување на прибавените информации и документација, ДКСК го утврди следното:

Лицето ---------- во период додека ја извршувало функцијата директор со ограничено овластување во Општинско основно училиште „---------- " – Виница, со негово блиско лице ---------- – ќерка склучило два договори за вработување на определено време и тоа: Договор за вработување на определено време, најдоцна до 31.08.2025 година со број 04-209/2 од 02.06.2025 година и Договорот за вработување – определено работно време за итни и неодложни работи со број 04-41/1 од 27.01.2025 година, за засновање работен однос на определено работно време на работно место наставник по математика.
Видно од склучените договори е дека лицето ---------- како директор на ООУ „---------- " – Виница не било изземено во постапувањето на склучување на договор за вработување со блиско лице, согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно кој:
"Кога службено лице ќе дознае за околностите што укажуваат постоење судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување".
На барање од Државната комисија за спречување на корупцијата, лицето ----------, достави Изјава со која потврди дека вработената ---------- на работно место наставник по математика е негово блиско лице во смисла на член 8 став 4 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Согласно наведеното, службеното лице постапило спротивно на член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата, со што сторило прекршок казнив по член 107 став (1) алинеја 2 од истиот закон.
Врз основа на погоре наведеното, ДКСК спроведе постапка за порамнување со лицето ---------- на начин што на Записник со број 09-2284/11 од 07.09.2026 година констатира прекршок по член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 107 став (1) алинеја 2 од истиот закон и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-2284/12 од 07.09.2026 година.

Дополнително, по извршена проверка во Административната алатка на ДКСК на поднесени изјави за имотна состојба и интереси се утврди дека лицето ----------, по престанок на вршење на функцијата директор на ООУ „----------“ – Виница, во законски определениот рок од 30 дена, не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК, со што сторило прекршок по член 82 став (3), а казнив по член 109 став (1) алинеја 2 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси .

Во врска со наведеното, ДКСК согласно член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси спроведе постапка за порамнување со лицето ----------, на начин што на Записник со бр. 09-2284/9 од 07.09.2026 година констатира прекршок по член 82 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по член 109 став (1) алинеја 2 од истиот закон и издаде Прекршочен платен налог со бр. 09-2284/10 од 07.09.2026 година.

По понудените постапки за порамнување, именуваната постапи по издадените прекршочни платни налози, односно има извршено уплата на половина од предвидената глоба во законски предвидениот рок, видно од доставена уплатница со извршена уплата на глоба со број 09-2284/13 од 21.09.2026 година и за извршена уплата на глоба - уплатница број 09-2284/14 од 21.09.2026 година.

Со оглед на тоа дека лицето ---------- повеќе не ја извршува функцијата директор на Општинското основно училиште „----------“ - Виница, ДКСК не може да покрене иницијатива пред надлежен орган за поведување постапка за утврдување на одговорност.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: С.К – раководител на одделение
Согласен: К.З. – раководител на сектор